BRITISH COUNCIL

# PARTNERS FOR CHANGE

Пишување квалификации

www.britishcouncil.org

# Агенда

Цели

Да се разберат единиците од квалификациите

- Како единиците од НРК се:
  - пишуваат
  - користат
  - оценуваат
- како тие можат да се комбинираат во рамките на квалификациите од НРК

Прашања и одговори

# Видови единици

Видови единици

НРК единици

- Сочинуваат квалификација од НРК
- Може да се користат како засебни единици или како дел од група единици, понекогаш водат кон добивање квалификација
- Содржината не може да се менува

# Структура на единица

| | |
|---|---|
| **Наслов** | - го содржи бројот на единицата и целосниот наслов, НРК нивото и потребните часови за учење |
| **Опис** | - ги наведува севкупните цели на единицата |
| **Резултати од учење** | - резиме на тоа што ученикот мора да е способен да покаже |
| **Содржина** | - дава информации за обемот кој треба да се покрие. Се поврзува со критериумите за оценување |
| **Критериуми за оценување** | - табела што прикажува што ученикот треба да постигне за да добие преодна оценка<br>- критериумите за оценување го опишуваат нивото што треба да се постигне за да се исполнат резултатите од учење |
| **Неопходни информации** | - насоки за: методи на поучување, оценување, ресурси, не се наложувачки |
| **Клучни вештини** | - дава насоки за можности за развој<br>- не се задолжителни, но се препорачуваат |

1. Да се обезбеди одобрен стандард за компетенција
2. Да се анализира единицата на компетенција
3. Да се одреди насловот на единицата и описот
4. Да се наведат резултатите од учење за конкретна единица
5. Да се дефинираат номинални часови по единица
6. Да се наведат критериуми за оценување
7. Да се опишат условите
8. Да се наведе содржината
9. Да се наведе методот на оценување

# РАЗВИВАЊЕ НА ЕДИНИЦА

**ФАЗА**

**ИНФОРМАЦИИ ЗА ЕДИНИЦАТА**

Да се утврди насловот на единицата

- Да се анализира единицата на компетенција
- Со помош на структурата, да се развие наслов на единицата

**НАСЛОВ НА ЕДИНИЦАТА**

Насловот што ќе се одбере за единицата треба да пренесува јасна порака за тоа што таа опфаќа; покорисни се насловите што подобро навестуваат за што се работи во единицата.

| | |
|---|---|
| **ЕДИНИЦА** | **Врши компјутерски операции** |
| ЕЛЕМЕНТ | |
| **1. План и подготовка за извршување на задачата** | |
| **2. Внесување податоци во компјутер** | |
| **3. Пристап до информации со користење на компјутер** | |
| **4. Произведува податоци со користење на компјутерски систем** | |
| **5. Одржува компјутерска опрема и систем** | |

НАСЛОВ НА ЕДИНИЦА:

Управување со компјутерски податоци

НАСЛОВ НА ЕДИНИЦА:

Одржување на компјутерска опрема и системи

## ФАЗА

### ЦЕЛ ИЛИ МОТИВ НА ЕДИНИЦАТА

Да се развие кус опис на единицата, нејзиниот обем и што содржи

Да се разјасни намерата на единицата и накусо да се каже што треба да се прави на работното место

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ЕДИНИЦАТА

### ДЕСКРИПТОР

Единица е сегмент од учењето со наведена цел во образованието или обуката.

- Изјавата накусо ги опишува општите намери на единицата, со акцент на резултатот од учење.

Секоја единица е поврзана со единици на компетенција во стандардите. Треба да ги погледнете тие единици и да сте сигурни дека имате јасна слика за тоа што ученикот треба да биде способен да направи по завршување на единицата

## ФАЗА

## СОДРЖИНА

Специфични знаења, вештини и ставови што треба да се опфатат со резултатите од учење.

- Да се наведе специфичното знаење неопходно за извршување на работните активности
- Докази за познавања од законодавството, регулативите и кодексите на однесување
- Контекстуално учење на генерички вештини (комуникација, математика, науки) и вештини специфични за индустријата

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ЕДИНИЦАТА

## СОДРЖИНА

Во овој дел се утврдуваат широките области на содржина, знаењето или контекстуалното учење што најверојатно ќе помогнат да се постигнат резултатите од учење.

Треба да се додаде само содржина што е директно поврзана со резултатите од учење.

Меѓутоа, не треба да претпоставувате дека знаењето или темите идентификувани во овој дел ќе бидат дел од процесите на оценување за единицата освен ако тие не се вклучени во критериумите за оценување на резултатите од учење.

| ФАЗА | ИНФОРМАЦИИ ЗА ЕДИНИЦАТА |
| --- | --- |
| **РЕЗИМЕ НА РЕЗУЛТАТ ОД УЧЕЊЕ** | **РЕЗУЛТАТ ОД УЧЕЊЕ** |
| Направете список на сите резултати од учење под секоја единица (резиме на резултати од учење) | За да ги напишете резултатите од учење, внимателно разгледајте ги единиците за компетенција за да бидете сигурни дека се задоволени потребите/барањата на ученикот. |
| Резултатот од учење мора да опише дискретен елемент што ученикот треба да го научи, стекне и да биде способен да го направи/примени на работното место | Резултатите од учење се планираните резултати кои ќе произлезат од учењето. Мора да ги напишете на начин кој ќе покаже што учениците ќе научат, стекнат и применат. Треба да бидат јасни и концизни. |
| Да се прават ревизии и промени кога има потреба | Секој резултат од учење се опишува одделно, почнувајќи со глагол. Резултатите од учење треба да содржат:<br>• активен глагол<br>• предмет за таа активност |

| РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ (РУ) | Проценка за број на часови |
|---|---|
| РУ 1. Идентификува опасности и ризици | 2 |
| РУ 2. Проценува опасности и ризици | 4 |
| РУ 3. Контролира опасности и ризици | 6 |
| РУ 4. Одржува свест за безбедност и здравје на работното место | 6 |
| **Вкупно** | **18** |

Со цел да се процени колку часови се потребни за дадена единица, утврдете колку време му е потребно на ученикот да се стекне со повисоко ниво на владеење за секој резултат од учење.

## ФАЗА

## НИВО НА СЕРТИФИЦИРАЊЕ

Утврдете го нивото на сертифицирање според пропишаното ниво во НРК

## ПРЕДУСЛОВ

Да се открие предусловот за дадена единица (ако е потребно)

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ЕДИНИЦАТА

## НИВО НА СЕРТИФИЦИРАЊЕ

Видете ги дескрипторите за НРК ниво.

## ПРЕДУСЛОВ

Предуслови се оние единици или компетенции што учениците мора успешно да ги завршат или стекнат пред да почнат со следната единица.

## ФАЗА

## КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Наведете ги сите критериуми за оценување под секој резултат од учење

Критериумите за оценување мора да ги прецизираат исходите од постигнувањата (знаење, вештини и ставови) што ученикот ќе биде способен да ги покаже по завршување на резултатот на учење.

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ЕДИНИЦАТА

## КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ

Критериумите за оценување се користат за насочување на мислењето дали ученикот остварил резултат од учење или не.

За секој резултат од учење, наведете ги критериумите што ќе ги користите за да процените дали ученикот го остварил резултатот од учење.

| ФАЗА | ИНФОРМАЦИИ ЗА ЕДИНИЦАТА |
| --- | --- |
| ДОМЕН | ДОМЕН |
| Повикајте се на стандардот за конкретниот наслов под називот алатки, опрема и материјали. | Дадете детали за ресурсите за испорачување на единицата. Наведете ги просториите, опремата, алатките, производите и материјалите неопходни за испорачување на единицата. |
| Прецизирајте ги условите во кои ќе се одвиваат учењето и оценувањето. Тука може да се опфати и список со алатки и опрема, пристап до ресурси за учење и прирачник за опремата, и вид на просторијата. | Препорачајте корисни ресурси за учење, откако ќе проверите дека тие се актуелни, релевантни и достапни. |

## ФАЗА

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ЕДИНИЦАТА

### МЕТОДОЛОГИЈА

Прецизирајте го методот на испораката што ќе се користи.

- Сопствено темпо/модуларно
- Групна дискусија
- Гледање на видео
- Туторијал

### МЕТОДОЛОГИЈА

Различни пристапи, методи и техники на кои процесот на учење ќе биде спроведен

## ФАЗА

### МЕТОД НА ОЦЕНУВАЊЕ

Прецизирајте го методот на оценување на резултатот од учење. Утврдете дали оценувањето ќе биде по пат на:

- набљудување
- на компјутер или хартија
- усно/интервју
- практична демонстрација

**Прецизирајте каде ќе се одвива оценувањето**

## ИНФОРМАЦИИ ЗА ЕДИНИЦАТА

### МЕТОД НА ОЦЕНУВАЊЕ

Откако ќе утврдите кои докази се потребни за да ги оцените резултатите од учење, одлучете се кои методи на оценување ќе ги користите со што ќе се поддржи прибирањето докази.

Кога е можно, убаво би било да користите холистички пристап. Холистички пристап кон оценување на компетенцијата е кога компетенцијата се гледа како способност да се соберат и интегрираат различни знаења, вештини и ставови.

# ЕДИНИЦИ ЗА НАСТАВА/ОБУКА

| | |
|---|---|
| **НАСЛОВ НА ЕДИНИЦА:** | Единица компетенција што при примена во работна ситуација може логички да стои засебно. Укажува на наслов и искажување преку резултати. |
| **НАСЛОВ НА ЕДИНИЦА:** | • **Накусо опишете го насловот на единицата** |
| **ДЕСКРИПТОР НА ЕДИНИЦА:** | • **Кус опис на единицата, нејзиниот обем и ограничувања** |
| **НИВО:** | • **Ниво на квалификација засновано на НРК** |
| **НОМИНАЛНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** | • **Доделен број на часови по единица - КРЕДИТИ** |
| **РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ:** | •**Определуваат што ученикот ќе биде способен да направи или постигне** |

# ЕДИНИЦИ ЗА НАСТАВА/ОБУКА

КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ:

- **Список на критериуми според кои ќе се проценува остварувањето на резултатите од учење**
- **Прецизирајте ги резултатите од постигнувањата што се очекува ученикот да ги покаже по завршување на резултатот од учење**
- **Со нив ќе се оцени потребното знаење, вештини и ставови, отсликани во критериумите кои се наведени за одредена индустрија или стандардите за компетенции**

ДОМЕН:

- **Ги опишува накусо ситуациите и контекстите во кои учениците ќе се оценуваат**
- **Се прецизираат условите во кои ќе се одвиваат учењето и оценувањето**
- **Тука може да се опфати и список на алатки и опрема, пристап до ресурси за учење и прирачници за опрема, и видот на просторијата**

# ЕДИНИЦИ ЗА НАСТАВА/ОБУКА

**СОДРЖИНА:**

Се наведува специфичното основно знаење, вештини, ставови и безбедност што ќе бидат опфатени со овој резултат од учењето.

**МЕТОДОЛОГИЈА**

Различни пристапи, методи и техники со кои ќе се испорача процесот на учење

**МЕТОД НА ОЦЕНУВАЊЕ:**

- Се прецизира методот на оценување на резултатот од учење
- Методите што се користат за прибирање на докази со доволен квантитет и квалитет врз кои може да се донесе добар суд за компетенцијата на кандидатот
- Во методи на оценување спаѓаат набљудување, симулација, испрашување, презентација, писмено оценување, итн.

# Клучни правила

НАСЛОВИ НА ЕДИНИЦА

Сите единици мораат да имаат наслов што:

- е јасен, концизен и ја одразува содржината на единицата
- има значење сам за себе и не се осврнува на информации надвор од единицата
- е поврзан со нивоата во НРК

# Клучни правила

**Резултати од учење**

**Сите единици мора да содржат резултати од учење што:**

- наведуваат што се очекува од ученикот да знае, разбере или е способен да направи како резултат на процесот на учење

- се јасни и кохерентни, и се изразени со јазик разбирлив за учениците за кои единицата е наменета

- се искажани на начин така што му се обраќаат на секој ученик во трето лице и имаат смисла за ученикот.

# Клучни правила

**Резултати од учење**

- треба да почнат со: „знае“, „разбира“ или „е способен да прави“.

- треба да формираат кохерентна група на искази што се поврзани еден со друг и со насловот на единицата, и треба да бидат во согласност со нивото на единицата и кредитната вредност.

# Опфатена содржина на единицата

го дефинира знаењето и
вештините
што ги бара единицата




Сите треба да бидат
опфатени преку планот за
настава и учење

се оценува само преку
критериумите за оценување на
единицата

не мора сите:
- да се оценуваат (примери се даваат
само за индикативна содржина)

# Клучни правила

## Критериуми за оценување

Сите единици мора да содржат критериуми за оценување што:

- го прецизираат стандардот што ученикот се очекува да го исполни за да покаже дека се остварени резултатите од учење за таа единица

- се поврзани со единичен резултат од учење на јазик што е доследен со него

- се доволно детални за да поддржат веродостојни, валидни и доследни докази дека еден резултат од учење е постигнат, без да се создава непотребен товар при оценувањето како за учениците така и за оценувачите

- не содржат информации за методите на оценување или спецификации за оценување.

# Клучни правила

**Критериуми за оценување**

- треба да можат да се набљудуваат, да бидат мерливи и да нудат квалитативни информации што го одразуваат стандардот што се очекува при оценувањето на ученикот

- се раководат според дескрипторите на ниво. Мора да се користи соодветен јазик за да се одразат изјавите содржани во дескрипторот за очекуваното ниво

- мора да се одбегнува употребата на зборови/фрази како „разбира“, „покажува разбирање“ или „знае“, бидејќи овие концепти не можат да се набљудуваат и за нив нема докази

# Работа со единица – важни врски

## Пример – Подготовка за претприемништво Единица 1 (Образовен совет за бизнис и технологија-БТЕЦ )

Резултат

4. Способен е да ги планира финансиските потреби

Содржина

4. Способен е да ги планира финансиските потреби

*Трошоци и приход:* цел за личен приход, сфаќање на личните трошоци/приходи, да се процени што е неопходно...

*Ризици:* можни ризици, на пр. како тие да се ограничат...

Содржината го одредува обемот/длабочината и опфатеноста

Критериуми за преодна оценка

- да се пресметаат можните трошоци и да се донесе суд...
- да се објаснат ризиците што постојат и колкави се...

# Активности за оценување

**Учење**

-покриеност на содржина
-стилови на учење
-формативно оценување




**Оценување**

- стратегија, пр. што и кога
- методи пр. производ или процес

**Докази**
-да се исполни табелата за оценување и оценки на единицата
-алтернативни форми, да се процени кои се најсоодветни во однос на валидноста (контекст и предвидливост), веродостојни, доволни (критериум и содржина)
-корисност на пристапот

| РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| Знае<br>Разбира<br>Способен да | | | |

| КРИТЕРИУМИ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| Ниво 1 | Ниво 2 | Ниво 3 и повисоко | |
| Дефинира<br>Покажува<br>Дава (примери за...)<br>Идентификува<br>Укажува<br>Лоцира<br>Накусо опишува<br>Изјавува<br>Користи | Применува<br>Оценува<br>Класифицира<br>Споредува<br>Дефинира<br>Покажува<br>Опишува<br>Прави разлика<br>Разликува<br>Проценува<br>Дава (+ / - поени за...)<br>Илустрира<br>Изведува<br>Одбира<br>Користи (низа на) | Анализира<br>Применува<br>Разјаснува<br>Класифицира<br>Критички споредува<br>Покажува<br>Развива (план/идеја што..)<br>Дијагностицира<br>Прави разлика<br>Разликува<br>Изведува заклучоци (што..) | Проценува<br>Вреднува<br>Објаснува<br>Донесува заклучок<br>Спроведува<br>Толкува<br>Суди<br>Оправдува<br>Изведува<br>Прегледува и менува<br>Резимира |

# Врската меѓу составните делови на Компетенцијата

## Наставна програма што се заснова на стандарди и компетенции

**Стандард за компетенции** — **Програма базирана на компетенции**

